*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6400/**

**З А П И С Н И К**

**Од 198. Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 06.10.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ и Мигена Горенца-Главен и одговорен уредник на Втор програмски сервис на МТВ. |

**198.Седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 11.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Поради тоа што не беа добиени информации по точките 3 и 4 од предложениот дневен ред истите беа повлечени.
Програмскиот совет на МРТ во продолжение едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на записникот од 197.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Информација-Пресек на остварена програма во тековната 2022 година за МТВ1 и МТВ 2, (старт на новата програмска сезона).

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 197.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 197.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 197.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 197.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Информација-Пресек на остварена програма во тековната 2022 година за МТВ1 и МТВ 2,(старт на новата програмска сезона).**
На почетокот од расправата по оваа точка пред членовите на советот Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ, Смилка Јанеска Саркањац даде вовед и даде збор на почетокот на уредничката на Вториот програмски сервис на МТВ Мигена Горенца.
Мигена Горенца објасни пред присутните дека што се однесува до тековните емисии кои се од Програмата за работа на МРТ за 2022 година, се реализирале според планот како што било планирано се до месецот јуни,кога заради реорганизација поради мерките преложени од Владата од РМ дошло до стагнација на некој од емисиите однсоно биле паузирани.Што се однесува до надворешните продукции кои создаваат програма за МТВ2, за одреден број има склучени Договори за копродукција, но за одредени беа договорени покасно и ги оставивме за програмата за 2023 година.
Мигена посочи дека има проблем со надворешните продукции околу исплатата на средствата од страна на МРТ, па продуцентите се скептични и не ги доставуваат епизодите од серијалите на време додека не им се исплатат средства за истите.
Потоа збор зема уредничката на Првиот програмски сервис на МТВ Анета Андонова која кажа дека процентуално земено повеќе од 80% од планираната програма за 2022 година е изреализирана, од причина што станува збор за стандарднаи проекти и дел од нив беа и во 2021 година па продолжија и во 2022 година.
Што се однесува до надворешните проекти исто голем дел беа потпишани во 2021 година па се префрлија и во 2022 година, наскоро во оваа година ќе стартуваат и нови проекти кои се реализираат во копродукција со надворешни продукции.Од нереализираните проекти ни остана проектот „Програма на градови“ за која се надеваме дека во 2023 година ќе се реализира, и „Ваш јавен сервис“ која се планира да биде во сопствено прозиводство на МТВ, а се планираат и проекти во забавната редакција по лиценца како „Страна А“ и „Страна Б“, нешто што подолго време успешно се реализира на Хрватската телевизија.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемдалија со забелешка по програмата за МТВ2 дека недостасува програма однсоно емисија која ќе го опфати земјоделието, како и емисија за кујна која не би требало да е некаков голем проект и може да се реализира, а е гледлив.
Ведат со прашање Документарните емисии од албанско говорно подрачје дали има и дали се планира да има за 2023 година?
Мигена одговори дека имаме стари договори за соработка со РТК и РТШ, но треба да се обноват тие договори за да можеме добиваме нова документарна програма без финснасиски средства.
Членот Гајур Рамдани со прашање до каде процентуално е рализирана програмата за оваа година, кој проекти кои беа предвидени се рализирани, а кој не и за годинава која следува кои се новите наслови на проектите.
Мигена одговори дека сите проекти кои беа предвидени се реализираат со мал застој во летниот период поради кризата и ковид и финансиска, исто така Мигена посочи дека сега се реализира и нов јавен конкурс за нови вработувања кои значително ќе помогне за создавање на нова програма доколку се примат нови вработени.

Снежана Клинчарова кажа дека за нејзе стартот на програмата на Првиот сервис на МТВ е успешен но дека треба има повеќе најави и реклами за програмските содржини, како и еден заеднички за стартот на новата програмска сезона, како би можела јавноста да биде подобро информирана за целокупната програма.
Снежана со забелешка дека конечно мора да профункционира емисијата „Програма на градови" онака како што е замислена и дури тогаш со таа емисија би дошла до израз Македонија во целост, а не само преку јавувањата на дописниците на МТВ.

**ТОЧКА3: Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беа разгледани дописи за откуп на програма од Спортската редакција на МТВ:
-Одлука за избор на програма со бр.02-6334/2 од 05.10.2022 година,
-Одлука за избор на програма со бр.02-3774/6 од 05.10.2022 година.

Седницата заврши во 12.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател